ЕВРОПСКИ КВИЗ НА ПАРИ
**ВТОР ПОДГОТВИТЕЛЕН ТЕСТ**

**1. Од каде потекнува името денар?**

А: Од фреска во црквата Св. Пантелејмон во Скопје
**Б: Од истоимената римска валута – латински денариус**
В: Од претходната држава- Југославија
Г: Од мозаик во Стоби

**2. Во нашата земја се користат банкноти од МКД:**

А: **10, 50, 100, 200, 500, 1000, 2000**
Б: 10, 50, 100, 500, 1000, 2000, 5000
В: 10, 20, 50, 100, 500, 1000, 2000
Г: 10, 20, 50, 100, 200, 500, 1000, 2000

**3. Која институција одлучува како ќе изгледаат парите?**

А: Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Б: **Народна банка на Република Северна Македонија**
Ц: Влада на Република Северна Македонија
Д: Собрание на Република Северна Македонија

**4.Што не е банкарска услуга:**

А: Издавање дебитни и кредитни картички
Б: Вршење платен промет
В: Интернет и мобилно банкарство
**Г: Печатење книжни и ковани пари**

**5. PIN-кодот од платежната картичка треба да се:**

А: Напише на задната страна на картичката
Б: **Запомни и да не се запишува**
В: Запише во телефон
Г: Каже на најдобрите пријатели

**6. Со дебитната картичка не може да се:**

А: Изврши плаќање преку ПОС терминал

Б: Повлече готовина од банкомат

**В: Потроши повеќе од „одобрениот минус“**

Г: Направи плаќање преку интернет

**7. Штедењето во евра е:**

А: Недомаќинско

Б: Денарско

В:Домаќинско

Г: **Девизно**

**8. Орочено штедење е кога:**

А: На вложените пари не добиваме камата

Б: **Парите ги вложуваме за одреден период/рок**

В: Вложените пари се удвојуваат

Г: За вложените пари плаќаме трошоци

**9.Трансакциска сметка овозможува:А:**

А:Да примате и да извршувате плаќања

Б: Пренос на средства од една на друга трансакциска сметка

В**:** Префрлање средства на депозит по видување

**Г: Се што е наведено**

**10. Да се купи нешто на кредит значи дека:**

А: Производот е добиен на попуст

Б: Тоа што е купено е осигурано

В: **Производот е купен со позајмени пари**

Г: Купено е нешто со свои пари

**10. Како кредитокорисник, потребно е:**

**А: Да ги прочитате и да ги разберете ги сите рокови и услови за кредитот**

Б: Да ги добиете парите

В: Да ги потрошите парите од кредитот што побрзо

Г: Да не се грижите за отплата на кредитот

**11. Најповолен кредит е :**

А: МКД100,00 со каматна стапка од 3,5%

Б: МКД1.000,00 со каматна стапка од 3%
В: **МКД10.000,00 со каматна стапка 2,5%**
Г: МКД10,00 со каматна стапка од 5,5%

**12. Кога се зема кредит што треба да се плаќа секој месец?**

А: Месечни отплати на главнината од долгот за да се намали долгот
Б: **Вкупно отплата на главницата и камата за да се намали долгот**
В: Не мора да се плаќа ништо, бидејќи немате пари
Г: Само камата

**13. Буџетот на државата се состои од:**

А: Јавни приходи и капитални расходи
**Б: Јавни приходи и јавни расходи**
Ц: Даноци и Јавни расходи
Д: Биткоини

**14. Главни учесници на пазарот на хартии од вредност се:**

А: Сите граѓани на Република Македонија
Б: Издавачи и посредници
Ц: Инвеститорите
Д: **Издавачи, инвеститори и посредници**

**15. Владите може да издаваат:**

А: **Обврзници**
Б: Конвертабилни хартии од вредност
В: Акции
Г: Ниту едно од наведените

**16. На секундарниот пазар на хартии од вредност се врши:**

А: Тргување со недвижнини
Б: Прибирање на средства за финансирање
В: Размена на валути
**Г: Тргување со хартии од вредност**

**17. Кои субјекти се дел од пазарот на осигурување?**

А. Друштвата за осигурување

Б. Осигурително брокерските друштва
Ц. Друштвата за застапување во осигурување
**Д. Сите наведени**

**18. Дали осигуреникот е должен да пријави настанување на штета?**

**А: Да, треба да го извести друштвото за осигурување и да ги достави сите потребни документи**
Б: Не, нема потреба да го известува друштвото за осигурување дека настанала штета
Ц: Да се прави како ништо да не се случило
Д: Да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување

**19: Какво пензиско осигурување постои?**

**А: Задолжително и доброволно**
Б: Задолжително
В: Доброволно
Г: Дигитално

**20. Што прави приватното пензиско друштво?**

**А: Ги инвестира средствата на пензискиот фонд**
Б: Организира друштвени игри за пензионери
В: Ги носи пензионерите на бања
Г: Врши супервизија на пензиските фондови